РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-5306/8
18.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.12.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 21. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.11.2025 година.
2. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот Друштво за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
3. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТДРД ТВ „Шутел“ ДООЕЛ Скопје.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка под вредносни прагови за примена на Законот за јавните набавки, услуга - обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност“.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет-порталите на Агенцијата.
7. Предлог за одобрување финансиски средства за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.11.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот Трајчевски го образложи предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот Друштво за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје, поради повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој информираше дека при извршениот редовен програмски надзор било утврдено дека операторот реемитува програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата. Бидејќи станува збор за повторно прекршување, односно второ во тековната година, беше предложено Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка против операторот и да се наложи итно исклучување на наведените програмски канали.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-5271/1 од 4.12.2025 година на Друштвото за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека Друштво за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 03.12.2025 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Happy“, „Prva“, „Tanjug“, „Prva World“, „ Diva“, „Nickelodeon “, „Nick Junior “, „KCN 1“, „KCN 2“, „KCN 3“, „Prva Plus “, „Prva Kick“, „Sci Fi“, „Club MTV“, „MTV ‘80“, „MTV Life“ и „B92“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

Точка 3

Во врска со предложената одлука за промена на сопственичката структура на ТДРД ТВ „Шутел“ ДООЕЛ Скопје, директорот Трајчевски информираше дека радиодифузерот во изминатите години се соочувал со проблеми во однос на навремената уплата на средствата кон Агенцијата за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување. Тој потсети дека минатата година дозволата за емитување му беше одземена, но по поведување постапка пред Управниот суд и по извршената уплата на доспеаните средства, Советот донесе Одлука за нејзино враќање. Дополнително, објасни дека радиодифузерот во последните неколку години се наоѓа во потешка финансиска состојба.

Истакна дека е позитивно што се исполнети законските услови за промена на сопственичката структура и изрази очекување дека со новиот сопственик ќе се надминат досегашните проблеми.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, информираше дека известувањето за промена на сопственичката структура било доставено до Агенцијата на 24. ноември оваа година и дека доставената документација е уредна и комплетна. Планираната промена се однесува на целосно истапување на досегашниот сопственик на телевизијата, физичкото лице Антоније Стојчески и пристапување на физичкото лице Беадин Сулејмановски како единствен сопственик на телевизијата. Со цел да се утврди дали постојат законски пречки за ова лице да се јавува како радиодифузер, беше извршена проверка на податоците во Централниот регистар на Република Северна Македонија, при што е констатирано дека планираниот нов сопственик моментално е сопственик на две трговски друштва. Двете друштва се регистрирани со шифрена дејност во областа на градежни работи, што значи дека со оваа промена не се создава недозволена медиумска концентрација. Со оглед дека планираната промена не ги прекршува одредбите од Глава 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не доведува до недозволена медиумска концентрација, предлогот е Советот на Агенцијата да донесе Одлука со која ќе се дозволи промената на сопственичката структура на телевизијата „Шутел“.

Советничката Гордана Мајнова постави прашање дали со бараната промена на сопственичката структура на ТВ „Шутел“ ќе остане непроменет форматот на телевизијата, односно дали и понатаму ќе се емитува со општ формат.

Раководителката на Секторот, м-р Магдалена Давидовска Довлева, појасни дека независно од промените во сопственичката структура кај радиодифузерите, форматот на програмата, каков и да е, не смее да се менува. Таа нагласи дека ТВ „Шутел“ има општ формат и дека промената на сопственоста не значи дека новиот сопственик може да го менува форматот на програмата.

Советничката Зирјета Јајага, повикувајќи се на образложението, постави дополнително прашање во врска со фактот дека идниот сопственик веќе е сопственик на две фирми, и праша за кои трговски друштва станува збор, со каква дејност се занимаваат и дали и во која мера тоа би можело да има влијание врз уредувачката политика на медиумот.

Раководителката Давидовска Довлева, објасни дека едната фирма се вика Друштвото за производство, трговија и услуги ОТТОМАН ПЕТРОЛ ДОО Скопје, чија

приоритетна дејност/главна приходна шифра е 43.39 – Останати завршни градежни работи, а другата е Друштвото за градежништво, трговија и услуги ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 43.350 – Други завршни градежни работи. Таа истакна дека станува збор за дејности според Националната класификација на дејности. Дополнително, нагласи дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во Глава 4, прецизно се утврдени дејностите кои не е дозволено едно лице да ги врши истовремено со радиодифузната дејност, како што се, меѓу другото, рекламните агенции и друштвата за филмска продукција. Градежните дејности, какви што се наведените, не претставуваат законска пречка за вршење радиодифузна дејност.

Советничката Зирјета Јајага заклучи дека со тоа не постои можност за прекумерно влијание врз формирањето на јавното мислење, со што раководителката се согласи и додаде дека такво влијание не може да се оствари ниту во рамките на синџирот на вредности во медиумската продукција, ниту во рекламната индустрија.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ „Шутел" ДООЕЛ Скопје , со текст како што беше предложена Одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТДРД ТВ „Шутел" ДООЕЛ Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗААВМУ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

По гласањето претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски му честита на новиот сопственик на ТВ „Шутел" и му посака успешно да ја води телевизијата и во целост да ги исполнува законските обврски.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, за набавка на услуга – обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и дефинирање на критериумите за утврдување способност". Таа појасни дека станува збор за набавка со вредност до 1.000 евра во денарска противвредност, поради што во овој случај не се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки. Дополнително, истакна дека предмет на набавката е услуга за спроведување обука на наведената тема, во чии рамки ќе биде опфатен и аспектот на имплементација и следење на реализацијата на договорите за јавна набавка. Обуката ќе биде еднодневна, ќе се одржи во просториите на Агенцијата, што е поекономично решение, и се очекува да се реализира во втората половина на декември. Истата ќе ја спроведуваат лица со соодветна сертификација за обучувачи или предавачи од областа на јавните набавки. На обуката ќе учествуваат 10 вработени од стручната служба, кои ќе бидат определени од раководителите на секторите и кои учествуваат во подготовката на техничките спецификации за постапките за јавни набавки во рамките на

надлежностите на нивните сектори. Целта на спроведувањето на оваа обука е унапредување и подобрување на квалитетот на техничките спецификации во постапките за јавни набавки, како и подобрување на квалитетот на следењето на реализацијата на договорите за јавна набавка. Спроведувањето на оваа обука произлегува од два акта донесени од Агенцијата за 2025 година. Првиот акт е Годишниот план за спречување на корупцијата на Агенцијата за 2025 година, кој континуирано се носи од 2021 година и кој, меѓу другото, ги опфаќа областите на јавни набавки, планирање на буџетот и спроведување на постапките. Во рамките на областа јавни набавки, подобласта 1.2 – несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки, со мерка 1 – зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации, предвидено е реализирање на ваква обука, на која ќе учествуваат лица од секторите кои се вклучени во подготовката на техничките спецификации. Вториот акт е Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2025 година, во кој, во областа јавни набавки, е идентификуван ризикот од недоволна контрола при следењето, односно имплементацијата на договорите за јавни набавки, како и потребата од поголема вклученост на сите сектори во овој процес. Со цел поекономично и поефикасно спроведување, двете планирани обуки се обединети во една заедничка обука, при што во нејзини рамки ќе бидат опфатени двата аспекта: примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и унапредување на знаењата и вештините за следење и имплементација на договорите за јавни набавки. Дополнително, беше појаснето дека оваа услуга не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, бидејќи нејзината вредност е под вредносните прагови и во овој случај не се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки. Од тие причини, услугата не е вклучена во Годишниот план за јавни набавки. Средствата за нејзина реализација се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. По правило, за постапките чија вредност е под вредносните прагови не е пропишана посебна постапка, а согласно досегашната пракса, Агенцијата ги спроведува ваквите набавки преку доставување барање до директорот за одобрување на средства до 60.000 денари, односно под прагот на примена на Законот за јавните набавки. Во конкретниот случај е доставена понуда која е прифатлива и економична, имајќи го предвид бројот на учесници на обуката и квалитетот на предавачите, кои се сертифицирани и долгогодишни обучувачи од областа на јавните набавки. Поради наведеното, се предлага Советот да го прифати предлогот на директорот и да даде одобрување за спроведување на предметната обука.

Членот на Советот, Петар Џуровски, праша кој ќе ја спроведува обуката.

Раководителката Цветанка Митровска одговори дека обуката ќе ја спроведува Друштвото за консултантски услуги „АЦТ“ ДОО Скопје, а предавачи ќе бидат реномирани лица кои работат во Бирото за јавни набавки. Тие се долгогодишни обучувачи, сертифицирани за спроведување обуки во областа на јавните набавки.

Советничката Цветанка Миновска праша кога е поднесено барањето до директорот од страна на секторот и од каде произлегува потребата обуката да се реализира во втората половина на декември оваа година, односно дали можела да се реализира порано. Второто прашање беше поврзано со тоа дека, иако станува збор за јавна набавка со вредност до 1.000 евра во денарска противвредност, дали за таква набавка може да се избере компанија со само една понуда или е потребно да се има

повеќе понуди. Таа посочи дека во доставените материјали е наведена само една понуда и праша дали евентуално се пријавил и друг понудувач.

Раководителката Цветанка Митревска одговори дека барањето до директорот е поднесено на 3.12.2025 година. Таа појасни дека согласно досегашната пракса на Агенцијата, овие обуки се спроведуваат во овој период од годината, пред сè затоа што сега се пристапува кон изработка на Годишниот план за спречување на корупцијата и Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2026 година, при што се прави преглед дали претходно планираните активности се спроведени. Дополнително, Митревска потсети дека во претходниот период Агенцијата имала зголемен обем на работа, со фокус на мониторинг на локалните избори, кои имале приоритет и биле врзани со рокови, поради што е планирано обуката да се реализира во втората половина на декември. Во врска со една доставена понуда, таа објасни дека во овој случај не се објавува јавен оглас, туку се повикуваат одделни правни лица кои ја нудат специфичната услуга. Станува збор за тема за која многу мал број компании организираат обуки и имаат потребното знаење, а има и ограничен број консултантски фирми кои можат да обезбедат квалитетни предавачи. Поради тоа, прифатена е понудата од овој организатор, и тоа поради сертифицираните предавачи и економичноста на понудената цена.

Советничката Цветанка Миновска посочи дека во образложението е наведено дека службата ги повикува фирмите за спроведување на оваа услуга и праша дали ова значи дека повиканата фирма била единствена или се повикани и други.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека оваа фирма била единствената која доставила понуда, што е наведено и во материјалите за оваа точка.

Советничката Зирјета Јајага додаде дека прашањето на Миновска било дали се контактирани и други стручни фирми за спроведување на обуките на оваа тема и, доколку се контактирани, дали тие не доставиле понуда поради недостаток на интерес.

Раководителката Митревска потврди дека биле контактирани и други фирми, но не пројавиле заинтересираност за доставување понуда и организирање на обуката поради недостиг на квалификувани предавачи.

Советничката Цветанка Миновска го праша претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, дали бил претходно известен за спроведувањето на оваа обука.

Претседателот Стефановски одговори дека не бил известен од страна на директорот, иако согласно Деловникот требало да биде информиран.

Советничката Афрона Врзиволи рече дека во материјалите за оваа точка не е вклучено барање за доставување понуди кое би произлегло од страна на Агенцијата, ниту до оваа фирма, ниту до други фирми.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека нема официјално барање бидејќи известувањата се доставуваат по електронска пошта до фирмите, а заинтересираните доставуваат понуда, или пак се контактираат телефонски.

Советничката Афрона Врзиволи истакна дека на претходни седници имало набавки за постапки под вредносни прагови, при што биле доставени повеќе понуди со различни цени, а Советот и Агенцијата ја избирале најекономичната понуда. Таа смета дека и во овој случај требало да се постапи на ист начин.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека во овој конкретен случај немало доставено ниту една друга понуда освен оваа.

Советничката Врзиволи праша и за актите споменати во образложението на раководителката Митревска – Годишниот план за спречување на корупцијата и Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата – кога тие се донесени во Агенцијата.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека Годишниот план за спречување на корупцијата на Агенцијата за 2025 година и Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2025 година се донесени на 26.12.2025 година. Таа појасни дека овие акти ги донесува директорот на Агенцијата, согласно налог на Владата на Република Северна Македонија и Државната комисија за спречување на корупција. Ова значи дека Агенцијата има обврска да ги донесува овие годишни планови за спречување на корупцијата и за проценка на ризиците од корупција. Таа истакна дека Годишниот план за спречување на корупцијата се носи од 2021 година, а Годишниот план за проценка на ризици од корупција од 2022 година, и дека од тогаш овие акти се донесуваат континуирано секоја година.

Советничката Афрона Врзиволи заклучи дека, како што разбрала, Агенцијата има задолжителна обврска да ги одржува овие обуки за да обезбеди усогласеност со предвидените активности во годишните планови.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека Агенцијата има обврска да ги носи овие годишни планови, кои имаат утврдени рамки и дефинирани елементи и области. Јавните набавки се определени како една од ризичните области, каде што постои поголем ризик од корупција, поради што е предвидено спроведување на оваа обука. Целта е да се обезбеди поголем квалитет при спроведувањето на јавните набавки, преку правилно и стручно изготвување на техничките спецификации и ефективно следење на спроведувањето на постапките за јавни набавки. Токму поради овие причини обуката е предвидена како активност.

Советничката Афрона Врзиволи ја праша раководителката Цветанка Митревска дали материјалите од обуката на симпозиумот за јавните набавки, на која таа учествувала, биле споделени со колегите кои се планирано да учествуваат на предложената обука.

Раководителката Митревска објасни дека симпозиумот се однесувал на друга тема. Таа нагласи дека јавните набавки се комплексна област и содржат повеќе теми. Настанатата обука е насочена специфично на изработка на технички спецификации, при што ќе учествуваат колеги од секторите кои ги изготвуваат тие спецификации. На пример, од IT секторот се подготвува техничка спецификација за набавките од нивната област. Додаде дека, иако таа учествувала на обука, како правник не поседува вештини за да ја води оваа обука или да им помага на учесниците во практичниот дел.

Советничката Врзиволи праша дали еден ден ќе биде доволен за 10 учесници од различни сектори да се обучат.

Раководителката Митревска одговори дека, иако времето е ограничено, учесниците сепак ќе добијат основни насоки, а од друга страна и средствата се ограничени.

Советничката Афрона Врзиволи предложи дека можеби би било поисплатливо да се купи „Практичниот водич низ јавните набавки“, особено што по електронска пошта стигнала понуда за купување на книгата, наместо да се одржува обука која ќе трае еден ден.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека Агенцијата веќе ја поседува таа литература и службата ја користи, но јавните набавки се многу комплексни, а обуката овозможува решавање на конкретни прашања и проблеми кои не се покриени само со читање на водичот. Таа нагласи дека колегите немаат време или можеби не се доволно мотивирани да го читаат водичот, додека на обуката можат директно да поставуваат прашања за сомнежи или недоследности во изработката на техничките спецификации. Митревска посочи дека интеракцијата и предавањата на обуката ја прават поефикасна од самостојното користење на водичот, кој и покрај тоа веќе се користи од службата, одделението за јавни набавки и од неа како раководител на секторот.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека овие обуки се планираат врз основа на досегашното искуство и идентификуваните потреби во текот на годините. Таа нагласи дека колегите веќе активно работат со јавни набавки, од различни сектори, но во текот на работењето се јавуваат прашања за кои е потребен подетален одговор, кој одделението за јавни набавки не може да го даде, поради што се организираат овие обуки. Љубевска истакна дека овие обуки не претставуваат првична едукација или вовед во јавните набавки, туку се исклучиво наменски, при што се обработуваат дилемите и нејасностиите идентификувани во текот на годината. Таа нагласи дека ваквите обуки се веќе традиција во Агенцијата и не се одржуваат за прв пат. Додаде дека при подготовката на Годишниот план за проценка на ризици и Годишниот план за спречување на корупција, секторите ги идентификуваат слабостите и потребите, поради што оваа обука е произлезена од досегашната пракса и искуство во спроведувањето на јавните набавки. Љубевска посочи дека не е исто теоретски да се чита водич или упатство и практично да се учествува во обука, каде што учесниците можат да поставуваат прашања и да ги расчистуваат дилемите со сертифицирани обучувачи со долгогодишно искуство.

Советничката Афрона Врзиволи предложи и членови на Советот да бидат вклучени во оваа обука.

Раководителката Цветанка Митревска појасни дека во обуката може да учествува група од 11 вработени.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали членови на Советот може да бидат вклучени и, доколку е можно, предложи советничката Врзиволи да учествува.

Митревска потврди дека член на Советот може да се вклучи и повтори дека групата за обука изнесува 11 лица.

Советничката Афрона Врзиволи се согласи да учествува на обуката на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и дефинирање на критериумите за утврдување способност“.

Советот на Агенцијата со два воздржани гласа од членовите на Советот Цветанка Миновска и Гордана Мајнова и 5 гласа „за“ даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата - обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност“.

За спроведувањето на постапката под вредносни прагови за примена на Законот за јавните набавки, услуга - обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност“, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Таа објасни дека во текот на 2025 година, на 27.3.2025 година, по претходно спроведена постапка согласно Законот за јавните набавки, беа склучени два договори за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници – еден за огласување на македонски јазик и еден за албански јазик. По склучувањето на овие договори, Агенцијата имаше потреба за објавување акти во овие весници, кои, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за работни односи, е обврзана да ги објавува. Износите предвидени во претходните договори беа потрошени и тие договори престанаа да важат. Поради тоа, Агенцијата има потреба од нова постапка за јавна набавка за објавување акти во дневни весници на македонски и албански јазик. Оваа постапка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. Со оглед на проценетата вредност на набавката, таа ќе се спроведе како набавка од мала вредност и ќе започне со објавување на електронскиот систем за јавни набавки. Сите други податоци за постапката се содржани во приложените материјали.

Советничката Зирјета Јајага праша кои критериуми ќе ги користи комисијата за јавна набавка при изборот на печатени медиуми на македонски и на албански јазик.

Раководителката Цветанка Митревска одговори дека единствениот критериум за избор на понудувач е најниската цена.

Советничката Зирјета Јајага праша дали е земено предвид дека постојат медиуми кои недоволно дистрибуираат примероци низ целата територија на Македонија, како и дали се разгледува само печатен дневник кој има објавеност шест дена во неделата или и други аспекти.

Раководителката Митревска објасни дека, бидејќи станува збор за набавка од мала вредност, економските оператори кои ќе се пријават треба да докажат способност за вршење на професионална дејност. За таа цел, во нивните понуди е задолжително да достават изјава дека весникот кој го издаваат е печатен дневник кој се дистрибуира на територијата на Македонија и излегува шест пати неделно, со исклучок на државните празници согласно Законот за празници на Македонија. Доколку ваква изјава не е доставена во прилог на понудата, понудата ќе биде отфрлена како неуредна.

Советничката Зирјета Јајага праша дали во овој случај е доволна само писмена изјава.

Раководителката Цветанка Митревска објасни дека изјавата се дава под морална, материјална и кривична одговорност, и комисијата ја прифаќа како уредна, бидејќи договорниот орган не е полиција ниту обвинителство. Таа нагласи дека секој случај се оценува според доставените изјави и документи издадени од релевантни институции. Исто така, е општо познато дека мал е бројот на дневни весници кои излегуваат во Македонија и точно е познато колку денови во неделата излегуваат. Затоа комисијата за јавни набавки, заедно со организационата единица за јавни набавки, го следат овој аспект и обрнуваат внимание на точноста на изјавите.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, објасни дека Агенцијата води регистар на печатени медиуми, но согласно закон, печатените медиуми немаат обврска да ја известуваат Агенцијата за нивната динамика на излегување – дали се дневни, неделни, месечни или периодични. Поради тоа, за реализација на набавката мора да се побараат изјави од издавачите, бидејќи нема друг начин да се потврди редовноста на излегување на весниците. Нема орган кој може да им издаде потврда за ова, освен ако издавачите не достават изјава под материјална, морална и кривична одговорност.

Советничката Зирјета Јајага додаде дека, согласно Законот за медиуми, издавачите треба самите да обезбедат по два примерока од весникот во Националната и универзитетската библиотека.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-3061/1 од 21.07.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет-порталите на Агенцијата. Таа објасни дека Агенцијата има потреба од оваа услуга за да се идентификуваат можните слаби точки на информациско-комуникацискиот систем, особено во однос на почитувањето на одредбите од Законот за заштита на личните податоци. Целта на набавката е да се преземат натамошни мерки за обезбедување на заштита на личните податоци кои Агенцијата ги обработува во рамките на своите информациски системи. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. Според проценетата вредност, набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност и ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки. Митревска додаде дека критериум за доделување на договорот ќе биде

најдобриот однос помеѓу цена и квалитет, со распределба од 50 бода за цена и 50 бода за квалитет. Сите останати податоци за набавката се содржани во приложените материјали за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет-порталите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет-порталите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-3061/1 од 21.07.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за одобрување финансиски средства за обновување на два кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“. Таа објасни дека на 5 декември оваа година истекува важноста на овие два пристапи. Поради тоа е поднесено барање до директорот за обезбедување средства за користење на пристапите за период од 12 месеци. Агенцијата веќе располага со уште четири пристапи до електронската база, што овозможува користење на попуст при плаќањето. Наместо 16.000 денари за еден пристап, ќе се плати 11.500 денари, па вкупната цена за овие два пристапи изнесува 23.000 денари. Митревска посочи дека, бидејќи се користи услуга од „Службен весник“, кој е договорен орган со законска обврска да објавува закони, овие набавки се ослободени од одредбите на Законот за јавни набавки. Така се обезбедува продолжување на користењето на услугата.

Советничката Гордана Мајнова праша за кои вработени се предвидени овие два кориснички пристапи и за кого се користат претходните четири пристапи.

Раководителката Цветанка Митревска одговори дека едниот кориснички пристап е предвиден за неа како раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, а вториот за раководителката на Одделението за нормативно-правни работи при истиот сектор. Претходните четири пристапи се распределени така што три се за вработени во Секторот за правни работи, а еден за вработен во Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права. Митревска нагласи дека овие пристапи го поедноставуваат работењето, бидејќи често е потребно користење на различни закони. Наједноставно е пристапот да биде електронски, отколку печатење на документите. Со овие пристапи се следат сите измени на законите, а „Службен весник“ обезбедува и редакциски пречистени текстови, што го олеснува применувањето на законот и неговите измени, бидејќи за многу закони и нивни измени нема подготвен пречистен текст.

Советничката Гордана Мајнова предложи дека, според неа, барем еден од членовите на Советот треба да има пристап до „Службен весник“.

Раководителката Цветанка Митревска рече дека нема пречки за доделување уште еден кориснички пристап.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, го поддржа предлогот и ја предложи Гордана Мајнова да го добие пристапот, на што таа се согласи.

Митревска објасни дека за да се додели нов пристап треба да се подготви материјал за наредната седница, бидејќи моментално сите пристапи се наменети за вработени. Како алтернатива, предложи еден од сегашните два пристапи да ѝ се отстапи на советничката Мајнова.

Претседателот Стефановски се согласи дека подобар е вториот предлог, односно еден од сегашните два пристапи да ѝ се додели на Мајнова.

Раководителката Митревска се изјасни дека ќе го отстапи нејзиниот пристап на советничката Мајнова.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 23.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“, за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“, е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

Директорот д-р Зоран Трајчевски процедурално објасни дека нема да има измени во одлуката за одобрување на финансиски средства во износ од 23.000 денари со пресметан ДДВ од 18% за обновување на два кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“ за период од 12 месеци. Тој нагласи дека нема потреба Советот да гласа кои лица ќе ги користат пристапите, туку само за примена на самите пристапи.

Раководителката Цветанка Митревска додаде дека ќе биде потребно да се извести СВРСМ кој ќе ги користи пристапите, бидејќи секој пристап е врзан за конкретен компјутер. Во овој случај, конекцијата ќе се направи со компјутерот на советничката Мајнова. Таа истакна дека ова нема да се рефлектира на текстот на одлуката.

**Точка 8**

**Разно**

Советничката Цветанка Миновска постави прашање за статусот на ревизорскиот квартален извештај за мај, јуни, јули и август, и дали внатрешниот ревизор има определени рокови за изготвување на извештаите. Таа исто така праша дали, доколку извештајот е изработен, членовите на Советот можат да го добијат.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека внатрешниот ревизор не изготвува квартални извештаи, туку работи според годишна програма за внатрешна ревизија, во која се предвидени ревизиите што се спроведуваат во текот на годината. Тој информира дека од февруари до првата половина на август Агенцијата немаше

внатрешен ревизор, бидејќи претходниот ревизор беше избран на друга државна функција. По вработувањето на новиот внатрешен ревизор, ревизиите задоцнуваат. Досега е извршена една ревизија, една е во завршна фаза и за неа Секторот за економско работење треба да даде мислење за забелешките на ревизорот во нацрт-извештајот. Ревизорот има уште две ревизии кои треба да се завршат до крајот на годината. Готовата ревизија може да се достави до членовите на Советот, а останатите извештаи ќе им бидат доставени кога ќе бидат завршени од страна на внатрешниот ревизор.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека за оваа година се предвидени четири ревизии кои ревизорот треба да ги изготви до 31 декември. Тој посочи дека поради периодот кога Агенцијата немаше вработен на тоа работно место, сега ревизорот работи со зголемени активности.

Советничката Миновска потврди дека тоа било токму нејзиното прашање и додаде дека очекува ревизорските извештаи да ѝ бидат испратени веднаш по нивното завршување.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека ревизорските извештаи ќе бидат испратени до членовите на Советот, но треба да се има предвид постапката за нивна изработка. Таа нагласи дека прво се подготвува нацрт-ревизорски извештај, кој не се доставува до одговорното лице, туку до надлежниот сектор каде што е спроведена ревизијата. Целта е во тој сектор да се надминат забелешките и препораките на ревизорот. Секторот каде што се идентификувани наодите изготвува план на активности и се постигнува усогласување со ревизијата. Дури потоа се подготвува конечниот ревизорски извештај, кој се доставува до одговорното лице, во овој случај до директорот, и до членовите на Советот. Таа посочи дека нацрт-извештајот не се доставува, што е согласно правилата на Министерството за финансии, но конечниот извештај ќе биде доставен кога ќе биде изготвен.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**